# ПРАВИЛНИК

## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа

Скопје, јули 2024 година


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/2020 и 302/2020), министерот за локална самоуправа донесува

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/2 од 22.02.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/9 од 17.03.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/14 од 04.05.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/16 од 25.07.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр.01-575/19 од 28.12.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа бр. 01-1191/1 од 27.06.2024 година.

**Член 2**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 3. Сектор за Европска Унија, работното место со реден број 41, со шифра УПР 01 01 Б03 000, со звање Помошник раководител на Сектор за Европска Унија, делот „Вид на образование: Хуманистилки науки и уметности (Јазици и литература)", се менува и гласи : „ Вид на образование: Општествени науки-Политички науки "

**Член 3**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 5. Сектор за правни работи, потточка 5.2. Одделение за стручно – административна поддршка на работата на министерството, работното место со реден број 80, со шифра УПР 01 01 В04 000, со звање Помлад соработник за административни работи се менува и гласи:

| 5.2 Одделение за стручно – административна поддршка на работата на министерството | |
|---|---|
| Реден број | 80 |
| Шифра | УПР/01/01/Г03/000 |
| Ниво | Г3 |
| Звање | Референт |
| Назив на работно место | Референт за административни работи |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Вишо/средно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Обезбедува техничка поддршка на работата на одделението |
| Работни задачи и обврски | - Помага во собирање и средување на документи и податоци<br>- Помага во комплетирање на документи<br>- Помага во архивирањето на предметите и при средувањето и обработката на архивските материјали<br>- Помага во подготвувањето и обработката на статистичките и други податоци |

**Член 4**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација

Министер за локална самоуправа
Златко Перински

Бр.01-1191/4
04.07.2024 година
Скопје


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Архивски знак:
Shenjë arkivuese
Рок на чување: год.
Afati i ruajtjes viti
20 година
Потпис, viti
Nënshkrimi

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 05-07-2024
Орг.Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë
01 - 1191/6

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**До: Министерство за локална самоуправа**

**Архивски број: 09- 70 /2**
**Датум: 05.07.2024година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерството за јавна администрација дава:

СОГЛАСНОСТ
**на**

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Министерство за локална самоуправа, со архивски број 01-1191/4 од 04.07.2024 година**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за локална самоуправа,** поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места .
Министерството за јавна администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Правилникот за систематизација на работни места во **Министерство за локална самоуправа, со архивски број 01-1191/4 од 04.07.2024 година.**

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Подготвил: Елена Панова


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk